**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-290/5**

**Скопје, 26.03.2009 година**

## МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Македонската академија на науките и уметностите (во понатамошниот текст Академијата) - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за 2007 година, кои се прикажани на страните 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Академијата - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Академик, Цветан Грозданов, Претседател на Академијата за период од 01.01.2004 година до 31.12.2007 година, и
   - Академик, Георги Старделов, Претседател на Академијата од 01.01.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 9, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 22.12.2008 до 16.02.2009 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 20.03.2009 година со писмо број 03-463/2 од 18.03.2009 година примено е известување од Извршниот одбор на Македонската академија на науките и уметностите за преземени мерки и постапувања по препораките на овластениот државен ревизор, без приложени докази со кои ќе ги потврдат преземените активности.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Системски слабости**

11.1.1. Пресметката на платите на вработените во Академијата се врши согласно Правилникот за плати и добиените инструкции од Министерството за финансии, а врз база на одобрената маса на парични средства во Буџетот. Согласно ова, просечната нето плата по вработен во Академијата изнесува 9,865 денари и е за 31% пониска од републичкиот просек во РМ, кој за месец јуни 2007 година изнесува 14.295 денари. Академијата е највисока самостојна научна и уметничка установа каде 50% од вкупниот број на вработени се со високо образование, а дел од вработените се со научноистражувачки звања кои одговараат на звањата од високото образование согласно Законот за научно истражувачка дејност и остваруваат плата од околу 16.000 денари. Ваквата состојба дестимулативно влијаение на оваа категорија вработени и има за ефект перманентен одлив на вработените со високо образование. Со измените и дополнувањата Законот за МАНУ во јануари 2009 година создадени се услови за надминување на оваа состојба, односно платите на вработените да го достигнат очекуваното ниво соодветно на звањата во високо образовната и научната дејност.

11.2. **Систем на интерни контроли**

11.2.1. Ревизијата изврши оценка на системот на интерни контроли и финансиско управување на Академијата со цел да добие уверување дека нивното функционирање обезбедува точност и правилност во евидентирањето на финансиските трансакции и усогласеност со законските прописи.

Со увид во Правилниците за систематизација на работните места ревизијата констатира дека дел од Одделенијата во Секретаријатот на Акедемијата, Научните и уметнички единици и Стручните единици во кои се извршува основната дејност на Академијата не се целосно пополнети со извршители. Согласно систематизацијата за нормално функционирање на Академијата за 2007 година предвидени се 82 извршители, а пополнети се 59. Недостатокот од стручен кадар особено е изразен во одредени научни единици и во Одделенијата на Секретаријатот, во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија и во Истражувачкиот центар за стратешки истражувања, поради што се доведува во прашање навременото извршување на основните работни задачи, ризик од преклопувања на одговорностите и овластувањата и неизвесност во ефикасното функционирање на контролните постапки.

Досега потребата за пополнување на работните места се решева по препорака на Министерството за финансии со ангажирање на лица преку Агенција за привремени вработувања, бидејќи не се даваат согласности од Министерството за финансии за нови вработувања, односно не се одобруваат барањата на Академијата за нивно пополнување.

11.2.2. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола дел од податоците кои се внесени во деловните книги на Академијата не се базираат на веродостојни, одобрени сметководствени документи, односно недостасуваат следите контроли:

- Физички доказ за проверка на точноста на фактурите, без приложени спецификации и пресметки за потврдување на точноста на податоците во истите, и
- проверка на усогласеноста на извршените трансакции со законите, подзаконските и интерни акти, одлуки и договори.

Ваквата состојба укажува на недоволно обезбеден систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, со која ќе се обезбеди проверка дали финансиските трансакции се извршени во согласност со законските прописи и врз основа на соодветна сметководствена документација за потврдување на целосноста, вистинитоста и веродостојноста на финансиските извештаи на субјектот.

**Препораки**

1. Академијата да преземе конкретни мерки и активности во соработка со Министерството за финансии за соодветно пополнување на упразнетите и непополнетите работните места согласно актот за систематизација и законската регулатива во РМ.
2. Одговорните лица да го доизградат целосно системот на внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Законот за јавна внатрешна финасиска контрола.

## 11.3. Неправилна примена на акти

11.3.1. Спротивно на Законот за внатрешена ревизија, Академијата како директен корисник на средства на Буџетот на РМ нема назначено лице за внатрешен ревизор, ниту предвидено работно место во актот за систематизација, со што не е обезбедено независно објективно оценување и подобрување на работењето на субјектот и на ефективноста на системот на внатрешна контрола.

**Препорака**

1. Академијата да преземе мерки за формирање организациона единица за внатрешна ревизија, да предвиди работно место за внатрешен ревизор во Актот за организација и сиситематизација и да обезбеди финансиски средства за негово пополнување.

11.4. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:**

11.4.1. Ревизијата констатира дека во 2007 година, Академијата склучила договори за исплата на авторски хонорари на вработените со три авторски агенции избрани по постапка со Отворен повик, но исплатите се вршени само преку една - Македонска авторска агенција, чиј процент на провизија изнесува 1,27% од бруто износот на авторски надомест што во споредба со останатите две агенции: Аргил Доо, која наплатува провизија од 0,35 % од бруто износот на авторски надомест и Младинска агенција, со провизија од 1,18 % на нето износот, е највисок и има за ефект повеќе исплатени средства, односно повисоки расходи за тековната година.

11.4.2. Ревизијата имаше ограничување во примената на ревизорските постапки за утврдување на точноста и објективноста на исплатениот износ од 20.186 илјади денари за надоместоци по основ на: објавени стручни трудови, изработка и реализација на проекти, зголемен обем на работа на вработените, јубилејни награди и други, за кои Македонската авторска агенција посредува при исплатата на надоместокот и правилното пресметување и уплатување на обврската на персоналниот данок на доход во име на физички лица и наплатува застапничка провизија. Поради исплати по фактури во бруто износ од кои не може да се утврди основата за пресметување на персонален данок од доход и агециската провизија, а во отсуство на физички доказ за извршена контрола на фактурите од страна на одговорните лица, ревизијата не се увери дека Академијата го плаќа персоналниот данок во висина во која што е извршена уплатата од страна на агенцијата во име на физичките лица. Воедно, не се уверивме дека агенцијата врши правилно разграничување на приходите од авторски права и останати приходи и дали правилно е утврден нето приходот како основица за пресметување на персонален данок од авторски права, односно нормираните трошоци потребни за нивно остварување.

Исплатата на фактури без соодветна контрола може да има за ефект неправилно пресметување и уплатување на обврската за персонален данок и застапничка провизија.

11.4.3. Врз основа на Одлука од 2005 година од вкупно обезбедените средства наменети за реализација на научноистражувачката и уметничката дејност на Академијата, секоја година се издвојуваат 10% за режиски трошоци. Издвоените средства за 2007 година согласно Одлуката на Претседателството на Академијата изнесуваат 900 илјади денари, кои се распределени - 720 илјади денари за авторски надоместоци ( за надомест

на административно технички работници посебно ангажирани во рамки на проектитете) и 180 илјади денари за материјални трошоци.

Со анализа на начинот на трошење на овие средства ревизијата констатира дека:

- Академијата нема обезбедено соодветна поткрепувачка документација или сметковдствена и помошна евиденција за исплатата на средствата за административно технички работи во рамките на научноистражувачките и уметнички проекти, спротивно на Законот за сметковдство на буџетите и буџетските корисници, односно вршени се исплати без да се користат утврдени и пишани критериуми, за видот, начинот на утврдување и пресметка на исплатените износи по лице. Имено, исплатите се вршени во еднакви, линеарни износи од 7 илјади денари за 41 редовно вработени неколку пати во годината.
- За оваа намена се потрошени 1.508 илјади денари, односно Академијата направила повеќе расходи во вкупен износ од 788 илјади денари надвор од обезбедените средства, што има за ефект незаконски потрошени средства.

**Препораки**

1. Имајќи предвид дека Академијата за исплатата на авторски хонорари на вработените склучува договори со повеќе авторски агенции, истите да ги врши со сите нив, а особено со агенциите со помала застапничка провизија.
2. Вработените во одделението за финансови работи да вршат проверка на доставените фактури од аспект на сметковна и формална точност на утврдувањето на основицата за пресметување и уплатување на персоналниот данок на доход и висината на застапничката провизија на авторската агенција.
3. Одговорните лица на Академијата да постапуват согласно донесената Одлука за издвојување на средства во висина од 10% за режиски трошоци од вкупно обезбедените средства наменети за реализација на научноистражувачка дејност и да ги применуват утврдените критериуми при распределба на истите врз основа на стварно одработените часови според утврдената евиденција.

### 11.5. Неправилности во искажувањето на позициите на Билансот на состојба

11.5.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, ревизијата констатира дека дел од обврските по неплатени фактури не се во целост сметководствено евидентирани поради што позицијата - Активни временски разграничувања и Краткорочни обврски од Билансот на состојба не се реално и објективно прикажани на ден 31.12.2007 година. Ваквата состојба има за ефект помалку прикажани обврски на крајот на годината, што е во спротивност со основните сметководствени начела за точно, вистинито, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции.

11.5.2. Ревизијата констатира дека Академијата не ги применува одредбите од Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници што влијае на реалното и објективно прикажување на материјалните средства во Биланс на состојба, поради следното:

– не е извршено усогласување на фактичката состојба на средствата утврдени со физичкиот попис со сметководствената евиденција, поради необезбеден опис за видот на средствата и нивно неозначување со инвентарни броеви;
– не е донесена одлука од одговорното лице за начинот на постапување со средствата предложени од пописната комисија за

расходување, заради нивно раскнижување во сметководствената евиденција;

- Академијата располага со уметнички слики и скулптури кои се евидентирани во сметководствената евиденција со нереално ниски вредности што има за ефект нереално и необјективно прикажани позиции на матерјалните средства и изворите на средства во Билансот на состојба;
- Академијата се јавува као сопственик на земјиште со имотен лист кое не е заведено во сметководствената евиденција поради неутврдена вредност на истото, што има за ефект потценување на вредноста на земјиштето искажано во Билансот на состојба;

11.5.3. На 31.12.2007 година на сметката – Аванси за материјални средства искажана е состојба во износ од 1.500 илјади денари која потекнува од 2004 година. Средствата се однесуват на побарувања за дадени аванси на ГД Гранит АД, исплатени по Анекс договор за изведување на дополнителни работи на објектот ,,Анекс работен простор,, (за оградување на комплексот на Академијата), според кој изведувачот се обврзал работите да ги изведе во согласност со усвоениот Проект за оградување на комплексот најдоцна до месец април 2004 година. Ревизијата констатира дека изведувачот не го испочитувал рокот на завршување на работата согласно Анекс договорот, бидејки објектот не е завршен ни до крајот на 2008 година. Во текот на ревизијата доставено е ургентно писмо до изведувачот од страна на Претседателот на Академијата за утврдување на причините и понатамошно постапување за надминување на состојбата.

**Препораки**

1. Одговорните лица на Академијата да воведат комплетна и целосна евиденција на обврските согласно законските прописи заради нивно точно прикажување во финансиските извештаи.
2. Одговорните лица во Академијата да ги превземат следниве активности за надминување на слабостите при вршењето попис на средствата на следниот начин:
   - да созададат услови за усогласување на фактичката состојба на средствата со сметководствената преку обезбедување инвентарни броеви за сите видови средства со кои располагаат;
   - да се формира стручна комисија за документирање на сите уметнички и ликовни дела и да се изготви соодветна документација, истата да се процени и заведе во сметоводствената евиденција;
   - Претседателството на Академијата да донесе одлука за начинот на расходување на дел од застарената и неупотреблива опрема предложена од пописната комисија за расход, заради нејзино понатамошно отуѓување, уништување или подарување на други субјекти и соодветно раскнижување од сметковдствената евиденција;
   - да се изврши проценување на вредноста на земјиштето согласно законските прописи и пропишана методологија и негово воведување во деловните книги;

3. Претседателството на Академијата да преземе соодветни мерки према изведувачот ГД Гранит АД, за обезбедување, односно наплата на побарувањата за дадени аванси во инвестициона градба по пат на покренување судски спор за поврат на средствата од нереализиран договор.

## 11.6. Ненаменско и незаконско користење на средства

11.6.1. Во декември 2007 година, Академијата склучила договор со ДГД Скентпоинт АД Скопје, за печатење на публикација ,,Македонска енциклопедија,, во вредност од 1.760 илјади денари. Согласно договорот предвиден е аванс од 20% кој изнесува 352 илјади денари, но извршена е уплата на аванс во износ од 1.364 илјади денари, пред отпочнување на проектот, спротивно на Законот за јавни набавки и спротивно на одредбите на договорот според кој предвидениот начин на плаќање треба да се одвива сукцесивно, по фази на реализација. Од причини што договорот е склучен на крајот на 2007 годината и не е отпочната неговата реализација, дополнително уплатените средства во износ од 1.012 илјади денари претставуваат назаконски потрошени средства. Констатираната состојба не е променета до денот на завршувањето на ревизијата, односно проектот не е реализиран ниту до крајот на 2008 година.

**Препорака**

1. Одговорните лица во Академијата да преземат мерки за довршување на проектот согласно договорот со поднесување ургенција до добавувачот, во спротивно да се обратат до Јавниот правобранител на РМ за негово постапување и наплата на побарувањата по судски пат.

## 11.7. Неприменување на Законот за јавни набавки

11.7.1. Академијата, без постапка за јавна набавка, од ист добавувач повеќе пати во годината вршела набавки на стоки и услуги за кои се исплатени средства во вкупен износ од 655 илјади денари на:

- за дезинсекција и дератизација на зградата во вкупен износ од 181 илјада денари;
- за потребите на бифето (кафе, чај, шеќер, сокови, разни кондиторски производи) во вкупен износ од 162 илјади денари;
- за одржување на зградата во вкупен износ од 135 илјади денари и
- за изработка на отисок на сув жиг на папки во вкупен износ од 177 илјади денари.

11.7.2. Во последните три месеци на 2007 година Академијата исплатила средства во вкупен износ од 3.930 илјади на повеќе добавувачи, за печатење на првото издание на Македонска енциклопедија и други јубилејни публикации, без постапка за јавна набавка, спротивно на Законот за јавни набавки. Според образложението на субјектот, причините поради кои се случила ваквата постапка произлегуваат од непредвидени настани кои објективно го забавиле процесот на набавка. Имено, Академијата во јануари 2007 година спровела отворен повик и извршила избор на повеќе понудувачи во април 2007 година, но поради поднесена жалба од страна на понудувач кој исто така бил избран за најповолен, Комисијата за жалби при Владата на РМ во октомври 2007 донела одлука за поништување на постапката, поради што Академијата не можела да склучи договори. Со оглед дека една од дејностите на Академијата е и издавачката дејност, а 2007 година била јубилејна-40 години од основањето на Академијата за кој повод биле планирани 3 јубилејни изданија и изданието Македонска енциклопедија кое е прво издание во РМ, Академијата објективно немала време да спроведе нова постапка и работите се доверени на добавувачи кои биле избрани во претходната година во постапка со отворен повик со кои договорите важеле до месец мај 2007 година.

11.7.3. Извршени се набавки врз основа на одлука за прибирање на повеќе понуди, но без записник од Комисијата за јавни набавки и одлука за избор на најповолен добавувач, спротивно на Законот за јавни набавки, повеќе пати во годината за следните намени:

- сервисирање на фотокопирите за кои се исплатени средства во вкупен износ од 205 илјади денари и
- набавка и монтажа на фенкојлери за кои се исплатени средства во вкупен износ од 228 илјади денари.

11.7.4. Извршена е набавка за сервисирање на ладилната кула со постапка од мала вредност, за што Академијата склучила договор во вредност од 158 илјади денари, но за вкупно извршените работи во текот на годината исплатено е вкупно 285 илјади денари, односно вредност за која согласно Законот за јавни набавки Академијата требала да испланира постапка со отворен повик.

Според наведеното, спротивно на Законот за јавни набавки, без спроведена соодветна постапка за јавна набавка, Академијата вршела набавки повеќе пати во текот на годината од исти добавувачи за ист вид или група производ што укажува на незаконитост, транспарентност и јавност во постапката, нееднаква и дискриминаторска положба на понудувачите, и има за ефект незаконски потрошени средства.

**Препорака**

1. Со оглед дека од 01.01.2008 година е во примена новиот Закон за јавни набавки, а со цел обезбедување законитост, јавност и транспарентност во спроведување на набавките, ревизијата препорачува навремена едукација на Комисијата за јавни набавки имајќи предвид дека видивите на постапките и начинот на нивно спроведување со овој закон се поинаку уредени.

12. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 11.4.1; 11.4.2; 11.5.1; и 11.5.2; финансиките извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Македонската академија на науките и уметностите - Сметка за средства од Буџетот на РМ, на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.4.3; 11.6.1; и 11.7; кај Македонската академија на науките и уметностите - Сметка за средства од буџетот на РМ, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. Не изразувајќи резерва во мислењето, ревизијата има обврска да обрне внимание на следново:

   - Академијата, во 1987 година поднела тужба против тужените, законски наследници на академскиот сликар Спасе Куновски со кој во 1987 година склучила договор да изработи уметничка творба – слики од вкупно 50 м2, за потребите на Акдемијата, според идејна скица од проектот ,,Македонија,,. Во 1988 година академскиот сликар починал и до неговата смрт изработил само 32 м2 од нарачаната уметничка творба. Тужените законски наследници на академскиот сликар се задолжени со конечна судска пресуда од 1993 година да и предадат на Академијата 15 м2 слики или наместо нив да исплатат надоместок од 15.292 илјади денари со камата на износот и надомест на судските трошоци. Со оглед

дека истите не ги предале сликите, Академијата во 1994 година поднела до Судот предлог за извршување во вредност утврден во конечната пресуда, но до денес не е реализиран поради што Академијата и во 2008 година ги продолжува активностите за негово извршување согласно Законот за извршување.

15. **Прифатени и корегирани состојби во Билансот на состојба, од страна на Академијата во текот на ревизијата**

Во периодот на вршење на ревизијата, на предлог на ревизијата Академијата изврши корекција во Билансот на состојба:

- на позицијата - Извори на капитални средства и други долгорочни вложени и здружени средства, корекциите се извршени врз основа на добиен извештај од Комерцијална банка АД Скопје од Акционерската книга со сосотјба од 10.04.2006 година за извршена промена од Централниот депозитар за хартии од вредност, кој на барање на Министерството за финансии извршил префрлање на 840 обични акции со вредност од 8 илјади денари, сопственост на Академијата, на сметката на Министерството. Корекциите се спроведени во налог за книжење број 132 од 31.12.2008 година.
- на позицијата - извори на капитални средства ревизијата предложи корекција со која истите се намалуваат во вкупен износ од 1.522 илјади денари на сметка на ПВР, заради корекција на погрешно спроведено книжење и сложување со позицијата Постојани средства (износ од 22 илјади денари) и Аванси за капитални средства средства (износ од 1.500 илјади денари). Корекциите се спроведени во налог за книжење број 130 и 133 од 31.12.2008 година.

Скопје, 23.03.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 70,056 | 65,286 |
| **Вкупно приходи** | **70,056** | **65,286** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 23,312 | 21,958 |
| Резерви и недефинирани расходи | 5,910 | 0 |
| Стоки и услуги | 38,675 | 40,119 |
| Субвенции и трансфери | 28 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **67,925** | **62,077** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2,131 | 3,209 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,131** | **3,209** |
| **Вкупно расходи** | **70,056** | **65,286** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | 5 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 7 | 7 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 7 | 7 |
| Побарувања од вработените | 9 | 3 |
| Активни временски разграничувања | 4,184 | 1,586 |
| Залихи | 89 | 51 |
| Аванси за капитални средства | 1,500 | 1,500 |
| **Вкупно тековни средства** | **5,796** | **3,159** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 276,244 | 281,198 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 0 | 8 |
| **Вкупно постојани средства** | **276,244** | **281,206** |
| **Вкупна актива** | **282,040** | **284,365** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1,091 | 609 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,729 | 977 |
| Пасивни временски разграничувања | 2,887 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **5,707** | **1,586** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 276,333 | 282,779 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **276,333** | **282,779** |
| **Вкупна пасива** | **282,040** | **284,365** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **282,728** | **51** | **282,779** |
| **Зголемување по основ на:** | **3,455** | **356** | **3,811** |
| Набавки | 3,455 | 356 | **3,811** |
| **Намалување по основ на:** | **9,939** | **318** | **10,257** |
| Издадени материјали од залиха | | 318 | |
| Амортизација | 8,409 | | **8,409** |
| Спроведена корекција од страна на ревизијата | 1,522 | | |
| Спроведена корекција од страна на ревизијата | 8 | | |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **276,244** | **89** | **276,333** |